Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
29 APR 2026 № 26-59/1
Скопје - Shkup

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД СПРОВЕДЕНИ ОБУКИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ОБРАЗЕЦ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА НАРАЧКА НА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

Педагошката служба при Министерството за образование и наука, во програмата за работа за 2026 година со бр. 26-30/1 од 14.01.2026 година донесена од Директорот на Педагошка служба, дефинираше стратешките цели и приоритети, согласно националните приоритети утврдени од Владата на Република Северна Македонија, односно годишниот план за работа на Министерството за образование и наука за 2026 година со број 01-145/1.

Согласно наведеното и водејќи се од Мисијата на Педагошка служба како орган во состав на Министерството за образование и наука, една од приоритени цели е:

- Навремено обезбедување на квалитетни учебници.

При својата аналитичка работа, Педагошка служба детектираше бројни пропусти настанати од страната на училиштата при пополнување на електронскиот образец во електронскиот систем за нарачка на учебници за учебната 2025/2026 година. Секој пропуст или грешка настаната во самиот процес на нарачка на учебници директно се одразува врз навременото обезбедување на учебници за учениците, односно постигнување на една од приоритетните цели на Педагошката служба.

Во насока на надминување на воочените проблеми, како и превентивно делување со цел спречување на нивно идно повторување, Педагошката служба спроведе обуки на тема користење на електронскиот систем за нарачка на учебници. Таргет група на наведената обука беа одговорните лица од основните и средните училишта кои го пополнуваат електронскиот образец во електронскиот систем на нарачка на учебници.

Педагошка служба презеде неколку чекори пред спроведување на обуките како и тоа:

- групирање на училиштата по региони со цел зголемување на достапноста на обуката до секое училиште;
- утврдување на термини и локации за обуки;
- изготвување дописи за известување на училиштата за видот, терминот и локациите во кои ке се спроведува обуките;
- изготвување на списоци за присутност со цел водење евиденција за присутност;
- номинирање на лица од редот на вработените во Педагошка служба за спроведувања на обуките;
- контуинирана комуникација со училиштата во врска со поставени прашања од нивна страна, техничка подршка како и зголемување на достапноста на самата обука.

Педагошка служба организираше вкупно три обуки, кои се спроведоа во периодот од 17-ти март до 24-ти април во просториите на ООУ ,,Ванчо Прке" - Штип и СУГС ,,Марија Кири Склодовска" - Скопје.

Согласно Член (24), Став (3) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/24 и 74/25) *„За потребниот број на учебници и замена на оштетени учебници за наредната учебна година, училиштето е должно да пополни образец во електронска форма за нарачка на учебници на интернет страницата „ucebnici.mon.gov.mk" и истиот да го поднесе до Педагошката служба, за нарачка на учебници* ***до крајот на мај во тековната година***."

Со цел оптимизирање на ресурсите, како и навремено обезбедување на учебници Педагошка служба првото отварање на системот го спроведе во текот на месец декември 2024 – јануари 2025 година кога основните училишта во Македонија вршеа нарачки на учебници од I до III одделение (учебници кои согласно закон се заменуваат секоја година во целосен тираж)/

Обуките за електронска нарачка на учебници се одржаа непосредно пред второто пуштање на образецот во електронска форма за нарачка на учебници на интернет страницата **ucebnici.mon.gov.mk** за учебната 2026/2027 година.

**Првиот циклус на обуки** се одржа на 17-ти и 18- ти март во просториите на основното училиште ,,Ванчо Прке" - Штип за училиштата од источниот регион на државата На обуката присуствуваа вкупно **253** учесници, од кои **164** одговорни лица за нарачка на учебниците и **89 директори** од основните, односно средните училишта.

Обуката беше спроведена од вработените лица во Педагошката служба: Зоран Штерјовски, Весна Стојановска и Хикмете Сељмани, согласно Решение со број 26-309/2 од 10.03.2026 година. Во наведениот временски период беа спроведени вкупно **10 обуки.** Педагошка служба при спроведување на обуките внимаваше бројот на учесници во една обука да не е преголем со цел поттикнување на интерактивност, односно простор да секој присутен добие можност за комуникација со вработените во инситтуцијата.

**Вториот циклус на обуки** се одржа на 6-ти и 7- ми април во просториите на СУГС ,,Марија Кири Склодовска" - Скопје за училиштата од западниот дел на државата и на истата присуствуваа вкупно **359 учесници**, од кои **267** одговорни лица за нарачка на учебниците, како и **92** директори од основните, односно средните училишта.

Обуката беше реализирана од вработените лица во Педагошката служба: Зоран Штерјовски, Весна Стојановска, Хикмете Сељмани, Бисера П. Факиќ, Ферди Алију и Наташа С.Тоскоска, согласно Решение број 26-402/3 од 1.04.2026 година. Вкупно беа спроведени **16 обуки**.

**Третиот циклус на обуки** се одржа на 22-ри, 23-ти и 24-ти април, во просториите на СУГС ,,Марија Кири Склодовска" - Скопје за училиштата од

Скопскиот регион, како и за училиштата од Куманово и Велес. На обуката присуствуваа вкупно **337** учесници, од кои **240** одговорни лица за нарачка на учебниците, како и **97** директори од основните, односно средните училишта.

Обуката беше реализирана од вработените лица во Педагошката служба: Зоран Штерјовски, Весна Стојановска, Хикмете Сељмани, Бисера П. Факиќ и Ферди Алију, согласно Решение број 26-445/2 од 17.04.2026 година. Вкупно беа спроведени **18** обуки.

Вкупно беа одржани **44 обуки**, на кои присуствуваа **671 одговорни лица** за нарачка на учебници и **278 директори** на основни и средни училишта, односно вкупно **949 учесници**.

Од вкупно 448 основни и средни училишта, 404 училишта испратија свои претставници на една од обуките, додека **44 училишта не испратија претставници**. Процентуално, 90% од училиштата присуствуваа на обуките. Педагошка служба до училиштата кои не присуствуваат на обуките и истото не го оправдаа или побараа поместување на термин ќе испрати писмен допис во кој ќе ги извести дека институцијата смета дека немаат забелешки во однос на процесот за набавка на учебници, во целост го познаваат системот, а за евентуални пропусти одговорноста е во целост на училиштето и одговорното лице.

**<u>Елементи на кои се посветуваше посебно внимание при обуките за пополнување на електронскиот формулар за нарачка на учебници.</u>**

- **Навремено ажурирање на податоците на одговорните лица за нарачка на учебниици во електронскиот систем за нарачка на учебници од соодвеното училиште.** Присутните беа известени за навремено ажурирање на нивните податоци во електронскиот систем за нарачка на учебници. Училиштата често ги менуваат одговорните лица кои имаат обврска за креирање на нарачка, а доколку не се ажурираат податоците постапката за нарачка на учебници се пролонгира, а со тоа постои реален ризик за ненавремено обезбедување на учебници пред почетокот на учебната година. На присутните им беше посочено дека при технички пропуст од овој вид, училиштата ќе ја сносат целата одговорност за недостаток на учебници.
- **Правилно пополнување на електронскиот образец за нарачка на учебниците.** Од страна на обучувачите се симулираше пополнување на електронски образец за нарачка се со цел да се следат правилните чекори за пополнување на истиот, и исто така беше истакнато дека на самата веб страна ucebnici.mon.gov.mk поставено е упатство за нарачка на учебници. Симулацијата беше спроведена на специјално креиран налог на електронскиот систем кој во целост ја отсликува реалната состојба со која училиштата би се соочиле при креирање на нарачка.
- **Внимателна нарачка на учебниците за изборните предмети.** Изминатите години како најголем пропуст на училиштата при нарачката на учебниците се однесуваше токму на нарачката на учебници за изборните предмети,

односно вториот странски јазик. На присутните им се објасни детално како треба правилно да се пополни образецот и тоа со пополнување на образец за време на одржување на самата обука.

- **Оштетени учебници.** На присутните им се посочи исто така, да водат сметка за оштетените учебници и за истите задолжително да достават уплатница бидејќи учебниците согласно законот се во употреба 5 учебни години освен учебниците за 1-во, 2-ро и 3-то. При ова на училиштата им беше посочено дека е потребно да се почитува и Правилник за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на комплетите на учебници во целост.
- **Ценовник за оштетени учебници.** На присутните беше објаснето дека ценовникот за оштетени учебници се објавува на веб страницата на МОН и Педагошка служба, но Педагошка служба ценовникот за прв пат го постави и на страната на самиот систем за нарачка односно на ucebnici.mon.gov.mk се со цел да им биде достапен и учениците да можат навремено да ги уплаќаат изгубените односно оштетените учебници.
- **Отпис и расходување на стари и неупотребливи учебници.** Значаен број на присутните не беа доволно информирани во врска со укажувањето за отпис и расходување на стари и неупотребливи учебници со што на присутните им се објасни дека во самото укажување освен делот за продажба за стара хартија, старите и неупотребливи учебници може да ги користат и за друга намена, како материјал за различни секции во училиштето а можат и да ги преотстапат на друга институција.

На присутните им беше нагласено дека Педагошката служба сите документи кои се од важност при нарачка на учебници ги објавува на почетната страна на електронскиот систем за нарачка на учебници но и истите може да се најдат на веб страната на Педагошка служба.

Од страна на присутните лица од училиштата беа дадени неколку забелешки и предлози кои главно се однесуваа на:

- Квалитетот на учебниците, со напомена на потребата од зголемување на истиот;
- Петгодишниот рок за употреба на учебниците и можноста за негово намалување кај предметите кои се изучуваат повеќе пати неделно (нагласено за предметите по мајчин јазик и математика) ;
- Периодот на отварање на електронскиот образец за нарачка на учебници (можност за пролонгирање на рокот кој согласно закон е до крај на месец мај);
- Учебниците по наставниот предмет математика за 4-то и 5-то одделение на кои се пишуваа (предлог да се одобруваат учебници на кои **нема содржини кои се пополнуваат**).
- Состојбата со учебниците за 9-то одделение (барање за обнова поради нивната состојба- поминати 5 години на употреба. Од страна на вработените во Педагошка служба беше укажано дека согласно

концепцијата за основно образование, истите ќе бидат во употреба само една учебна година, а веќе во учебната 2027/2028 година ќе има нова наставна програма, а со тоа и нови учебници за 9то одделение. )

- Проблемите со изборните подрачја во гимназиското образование; (Гимназиските училишта реагираа дека поради промена на изборно подрачје во 3-та година, учениците кои промениле подрачје остануваат без учебници бидејќи училиштата доцна ја добиваат информацијата за изборно подрачје).
- Потребата од поголем број стручни учебници во средните стручни училишта;
- Реакции за Вториот странски јазик, каде училиштата укажуваа дека изборот за тоа кој втор странски јазик го учат децата во 6-то одделение треба да биде слободен избор, а не да зависи од тоа кој странски јазик го одбрала претходната генерација.

**Заклучок**

Од спроведените обуки се констатира дека постои потреба од континуирана поддршка и координација со училиштата во процесот на нарачка на учебници, со цел навремено и ефикасно обезбедување на учебници за учениците.

Обуките придонесоа за подобра информираност на училиштата, намалување на можноста за грешки при нарачката и поефикасно користење на електронскиот систем за нарачка на учебници.

Дел од дадените забелешки и предлози од страна на училиштата е потребно да бидат разгледани од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образование како и Педагошката служба, а со цел унапредување на процесот на обезбедување на учебници и надминување на проблеми кои се провлекуваат од година во година.

**Прилог 1**: Список на училишта кои присуствувале на обуките
**Прилог 2:** Список училишта кои не испратија претставници.

**ДИРЕКТОР**
**м-р Роберт Аџипетров**

Изготвил: Весна Стојановска
Прегледал: Зоран Штерјовски
Одобрил: Хикмете Селмани